РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-171/1
12-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-666/1 од 05.02.2025 година во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на административни службеници во Општина ------------, спроведена врз основа на јавен оглас со бр.-------------- од 26.11.2024 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапиле други надлежни органи кои не утврдиле неправилности во предметната постапка за вработување.

Предметот со број 12-666/1 од 05.02.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 05.02.2025 година, до ДКСК е доставена пријава од познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на административни службеници во Општина -----------, спроведена врз основа на јавен оглас со бр.--------------- од 26.11.2024 година.
Имено, во пријавата се наведува дека Секретарот на Општина --------------- на ден 23.01.2025 година донел Одлуки за избор на кандидати на работни места, по посоченит јавен оглас со кои за најдобри кандидати за вработување биле избрани кандидатите кои во првите две фази од постапката (административна проверка и тестирање) биле пониско рангирани од сега подносителот, со тоа што по спроведување на интервјуто добиле повисоки бодови од Комисијата и на тој начин

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

успееле да се рангираат на прво место на конечната ранг листа. Подносителот наведува дека таа како пријавен кандидат на огласот, во првата и втората фаза на постапката за вработување била прворангирана, со најмногу бодови од сите пријавени кандидати, а во третата фаза (интервју) била бодирана со пониски бодови, поради што и била понисоко рангирана на конечната ранг листа на пријавени кандидати.

Незадоволна од ваквиот исход на постапката за вработување, а при тоа користејќи го правото на жалба против донесената одлука утврдено со членот 45 став 3 од Законот за административни службеници, подносителот на пријавата изјавил жалба против Одлуката за избор на административен службеник во Општина --------- со бр.------------, ------------, ------------, ------------ и ---------, сите од 23.01.2025 година до Агенција за администрација на РСМ.

Исто така, подносителот на пријавата незадоволен од донесената одлука за избор од Општина -----------, на 27.01.2025 година се обратила и со Барање за отворање на видеоснимките и констатирање на злоупотребите на комсијата до Агенцијата за администрација.

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК се обрати со Барање до Државниот управен инспекторат. На ден 14.07.2025 година, Државниот управен инспекторат доставил одговор до ДКСК, во кој известува за следното:

Државниот управен инспекторат постапил по Иницијатива заведена со бр.ЙП1бр.----------- од 11.02.2025 година, поднесена од страна на лицето --------------------- од --------, а во која се наведени сомневања за неправилности по однос на Јавен оглас со бр.-------------- за вработување на административни службеници.

Од увидот во Одговорот и доставената документација, ДУИ констатирал дека Агенцијата постапила согласно своите законски овластување и надлежност, во врска со постапката за вработување на кандидати на 16 работни места во Општина -----------, врз основа на Јавниот оглас со бр.------------- од 26.11.2024 година и ги има спроведено сите фази за селекција на постапката за вработување согласно позитивните прописи.

Кандидатот --------------------------, како незадоволна страна, поднела Жалба против гореспоменатите Одлуки за избор на кандидати донесени од страна на Секретарот на Општина ----------. Комисијата при Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, донела Одлуки од своја надлежност, со кои ги одбила како неосновани жалбите на кандидатката ---------------------- и ги потврдила Одлуките за избор на кандидати донесени од страна на секретарот на Општина -------------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во Записникот за извршен инспекциски надзор со бр.ИП1бр.------------, доставен од страна на Државниот управен инспекторат се наведува дека ја запрел постапката со констатација дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Имајќи го предвид сето погоре наведеното, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапиле други надлежни органи кои при своето надлежно постапување не утврдиле неправилности во предметната постапка за вработување, по што ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930